# ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

# СПОРЕД НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Септември 2025

| Сценарио за час | | | Предмет: Граѓанско образование за VIIодд | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Тема: ЕТИКА И МОРАЛ | | | | | |
| Наставна единица: Морална дилема и донесување одлуки | | | | | |
| Изготвил: д-р Пеце Трифуновски | | | | | |
| Адаптирал: | | | | | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
| Етика и морал **(Основно етички категории: добро, зло; морални вредности: еднаквост, чесност, емпатија, одговорност, скромност, праведност, доследност; хуманост; морална дилема; морално однесување; морални норми, интегритет, етички кодекс)** | -Идентификува потенцијални морални дилеми во различни ситуации во секојдневниот живот. | 1<br>Септември | **Воведни активности:** Повторување на градивото од претходниот час. Усни одговори од страна на учениците за прашањата поставени од наставникот. Евидентирање на активноста на учениците. Временска рамка: околу 5мин.<br>**Главна активност** МОРАЛНА ДИЛЕМА<br>Вие сте капетан на брод кој тоне на отворено море. Во последниот чамец за спасување собира само осум луѓе, а заедно со вас има десет луѓе кои треба да се спасат: пензиониран лекар, бремена жена, млад брачен пар, дете на дванаесет години, наставничка, механичар, војник и бездомник кој се шверцувал на бродот. Имате пет минути да одлучите кои осум луѓе да се качат во чамецот.<br>Работа во група<br>Вашата задача е да одлучите кои осум лица ќе се качат во чамецот, знаејќи дека двајца ќе останат на бродот. Времето за одлука е ограничено на пет минути.<br>Секоја група дискутира и носи одлука во рамките на пет минути, а потоа ја презентира својата одлука пред класот.<br>По презентацијата на одлуките, следува отворена дискусија базирана на следниве прашања.<br>а) Врз основа на кои критериуми одлучивте?<br>б) Дали донесените одлуки се правилни или погрешни? Зошто?<br>в) Кои морални вредности се почитувани во донесената одлука?<br>г) Кои морални вредности се занемарени?<br>д) Какви морални дилеми покренува ова сценарио?<br>ѓ) Кои морални вредности се спротивставени при одлучувањето?<br>**Завршна активност:**<br>Дискусија околу вежбата.Временска рамка: околу 5мин.<br>**Рефлексија:**<br>Усни одговори од страна на учениците за прашањата поставени од наставникот.Временска рамка: околу 5мин. | Учебник<br>Смарт уреди<br>Интернет<br>Речник | Усни одговори на прашања<br>Учество во активностите<br>Придонес во активностите<br>Извршување на поставените задачи<br>Писмени одговори во наставен лист<br>Практична изведба |

resursi.literatura.mk